**Годишен извештај за 2018 г. на градоначалникот Николчо Илијев пред Советот на Општина Кочани**

**28.12.2018 г.**

Почитувани,

Со оваа седница завршува една буџетска година во која вие како советници и јас како градоначалник донесувавме одлуки кои сметам дека беа од интерес на граѓаните. Годината што измина за мене беше нов предизвик, бидејќи дојдов до сосема друг сектор, па требаше период за прилагодување. Во работата се водевме од принципите на отвореност, транспарентност и отчетност и со трпеливо планирање и работење, успеавме со буџетот од 205 милиони денари за 2018 година да го реализираме. Цените во јавните набавки паднаа за околу 30 %, па така благодарение на таквиот пристап успеавме да изградиме 18, наместо планираните девет улици.

Ваквото однесување остана забележано од централната власт од каде успеавме да излобираме реализација на проекти што ќе ги подобрат условите за живот во Кочани. Овде ќе напоменам неколку капитални инвестиции реализирани со средства од централната власт. Еден од најголемите и ретко кој го очекуваше е секако проектот за реконструкција на патот Поникво – Кочани во должина од 11 км, кој се изведе во релативно кратко време и како логично надоврзување успеавме да издејствуваме и реконструкција на повеќе од 2 км од улицата „Страшо Ербапче“, која е патна врска со Поникво.

Обезбедивме и 14,5 милиони денари од државната каса за реконструкција на Центарот за култура, но поради тоа што проектот имаше непланирани детали, како што е санација на терасата од западната страна, па со разбирање од Министерството за култура добивме дополнителни 3 милиони денари за да биде завршена надворешната реконструкција на објектот. Во буџетот на Министерството за култура за 2019 година се предвидени средства за внатрешна реконструкција на објектот. Тоа е огромна придобивка бидејќи со децентрализацијата на културата, овој објект ќе биде под ингеренции на локалната самоуправа.

На повик од Светска банка аплициравме и го добивме проектот „Планински велосипедски рај“ за кој добивме 30 милиони денари, со кои ќе се градат велосипедски патеки и изградба на планинарски дом со 20 соби. Сметам дека со реализацијата на овој проект Поникво и Осогово ќе станат уште попривлечени и поинтересни, што се вклопува во нашата генерална стратегија тие да бидат дел од нашите приоритети.

Од централната власт добивме средства за изградба на улици, потпорни ѕидови и пристапни скали, со што успеавме значително да ги подобриме условите за живот во тој дел од Кочани.

Една од главните работи на која се насочуваме е урбанистичкото планирање, кое одзема многу време и има долги процедури.

Оттука, нашата заложба е да отвориме што повеќе детални урбанистички планови и таму каде што има државно градежно неизградено земјиште да предвидиме повеќе

колективни станбени објекти. Во моментот работиме на седум градски четврти, односно денеска едната ја затворивме и останаа шест, процедурите се спори, па во идниот период се надеваме на побрзи решенија.

Во светот најбрзо растечка гранка е туризмот, па оттука сите природни богатства што ги имаме на располагање треба да се потрудиме да ги искористиме во делот на туризмот, сè со цел да привлечеме првин што е можно повеќе инвеститори, а потоа и посетители кои ќе придонесат за значајно подобрување на бизнис-климата и за развој на целокупниот регион. Од тие причини се работи и на Деталниот план за Градска четврт 14, каде што се предвидени вакви спа-центри, хотели од висока категорија, за да создадеме услови за инвестиции во туризмот, што е врвен приоритет на Општина Кочани. Сметам дека спојот на спа-туризмот со планинскиот ќе добие друг лик и ќе се забрза развојот на целиот регион. Овде придонес ќе даде и прогласувањето на Осоговските Планини за заштитено подрачје, што ќе привлече средства од фондовите на ЕУ, бидејќи тоа е сигнал за правилно искористување на природните ресурси кои ќе ги заштитиме и ќе ги оставиме и на генерациите по нас.

Со поддршка од Советот пренаменивме 2,5 милиони денари за изработка на проектна документација за изградба на брана на Арамиска Чешма, бидејќи водоснабдувањето на туристичката населба е многу значајно за комплетирана инфраструктура на Пониква. Нашите размислувања одат во насока за создавање услови и на екстремни спортови, израздба на лизгалиште и на друг терени кои ќе привлечат што повеќе туристи.

Во приоритетите за 2019 година влегува изградбата на поранешната улица „Ленинова“, за почеток ќе одиме со експропријација на земјиштето до Градската спортска сала, а доколку дозволува финансиската состојба, ќе продолжиме и понатаму. Сакаме оваа улица, која е од приоритено значење за Кочани, да ја реализираме во текот на 2019 година.

Во напредна фаза е решавањето на проблемот со населеноста на Старата касарна. Оваа година успеавме со Локална планска документација да испланираме простор за дислокација на семејствата од Старата касарна и неодамна заврши јавната набавка за изведувач на идејниот проект на 24 односно 28 куќички во четири ламели. Тоа значи дека ние ќе го направиме проектот до изведба, со кој ќе можеме да аплицираме на претстојните повици за проекти, сè со цел овој проблем што поскоро да се реши.

Планираме да го решиме и проблемот со зградата на Воениот отсек, Градскиот парк да го претвориме во модерно шеталиште, за што очекуваме идеен проект, и да ја започнеме изградбата на детската градинка во Градска четврт 9.

На крајот, сакам да сумирам дека оваа година добивме од централната власт над 3 милиони евра, што е многу повеќе од еден буџет на Општина Кочани. Тоа ми дава храброст да ви кажам дека, благодарение на вашата поддршка, сме избрале еден правилен пат за рационално искористување на средствата од Буџетот, со што го привлековме вниманието на централната власт, која ни овозможи реализација на неколку проекти. Очекувам ваква поддршка да добиеме и следната година и да реализираме што повеќе капитални проекти: изградбата на детската градинка, започнување на изградбата на браната Речани, за која неодамна успеавме да обезбедиме и градежна дозвола. Очекуваме финансиска поддршка и за живеалиштата на жителите

од Старата касарна, аплициравме за реализација и на Старечкиот дом, каде исто така се соочивме со усогласување на проектот со градежната парцела. Можам да ветам дека на располагање ќе ги ставиме сите ресурси за да одговориме на потребата од ваков објект за Кочани и за регионот.

До 17 јануари ќе добиеме одговор и за проектите кои ги аплициравме до Програмата за прекугранична соработка од каде очекуваме да обезбедиме реконструкција на Мултикултурниот центар и со тоа во центарот на градот да добиеме уште еден неопходен простор за Кочани.

Работевме сите заедно,  очекувам да продолжи поддршката на проектите, кои вие како советници ги препознававте, со цел да реализираме што повеќе проекти.

На крајот од оваа говорница сакам да уште еднаш да истакнам дека Општина Кочани е оринтирана да ги решаваме проблемите на граѓаните, оттука мојот повик да го намалиме јазот и партиските разлики, ние како раководство покажавме дека сме неутрални и дека на граѓаните не им се потребни разлики туку зближување и очекувам и апелот што доаѓа од централно ниво, потребно е да разговараме за доброто на сите граѓани, а малку за политика, од која малкумина имаат интерес.

Сметам дека и оваа тема ќе ја ставиме во едни подносливи рамки за дискусија.

Периодот што доаѓа, предвиден за кампања, е повеќе од доволен  сите вие кои се наоѓате во политиката да ги искажете своите политички ставови, така што ова овде што го работиме треба да биде единствено во интерес на граѓаните.

На крајот, доволете ми да ја искажам благодарноста за поддршката во изминатата година, да ви ги честитам претстојните новогодишни и божиќни празници, да ви посакам пред сè добро здравје, многу среќа и многу успеси.

Исто така од ваше и од мое име упатувам честитка до сите граѓани на Кочани, во Новата година да имаат многу здравје, многу среќа и успеси.

Градоначалник на Општина Кочани,

Николчо Илијев